Со програмата е предвидено и поправка на заштитната ограда на депонијата Буќески дол на места каде таа е оштетена.

**5.Чистење и одржување на гробиштата**

Со Програма за одржување на гробиштата, донесена од Советот на општина Чешиново-Облешево предвидени се активности кои ЈПКД треба да ги спроведе за одржување на гробиштата. Поради малиот број на вработени, ЈПКД не може да одговори на обврските предвидени во Програмата.

Со проектот:

- Ќе се изврши косење на тревата во гробиштата во сите населени места во општината
- Ќе се изврши уредување на стазите во гробиштата
- Ќе се поправи заштитната ограда околу гробиштата

**6.Уредување на просторот на и околу селските игралишта**

Во сите населени места на територија на општината постојат селски игралишта. Истите се доста оштетени (исушена или обрасната

трева, искината ограда, оштетени стативи, вдлабнатини-дупки на теренот и сл.)

Со проектот се предвидува санирање на сите горе наведени работи.

**7.Уредување на јавни површини во општината**

Под јавни површини во општината ги ставивме уредување на училишните дворови (косење на трева, засадување на цвеќиња и сл.), уредување на дворот на општинските згради и уредување на дворот на Јавното Претпријатие.

- **План за одржливост и рок на реализација на програмата**

ЈПКД „Облешево" ќе биде надлежно околу одржливоста на резултатите постигнати со програмата. Работите од јавен интерес се надлежност на јавното претпријатие.

Рокот на реализација на оваа Програма е предвиден во текот на целата календарска година, во зависност од потребите.

- **Финансирање**

Финансирањето по основ на оваа Програма ќе биде од Буџетот на општина Чешиново-Облешево.

Во Буџетот на општина Чешиново-Облешево се предвидени средства во износ од 1.000.000,00 денари (еден милион денари) за оваа намена.

Средствата ќе бидат исплаќани како трансфер до ЈПКД "Облешево" кои ќе бидат одговорни за спроведување на Програмата.

ЈПКД „Облешево" ќе доставува извештаи до општината во врска со спроведување на Програмата.

Програмата влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-195/1 Совет на
06.02.2017 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за трансфер на средства до ЈПКД „Облешево" за работно ангажирање на сезонски работници за спроведување на Програмата Зелена Македонија**

1.Ја прогласувам Одлуката за трансфер на средства до ЈПКД „Облешево" за работно ангажирање на сезонски работници за спроведување на Програмата Зелена Македонија, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2017 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на

објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-221/1 Општина Чешиново-Облешево
06.02.2017 год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.01.2017 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За трансфер на средства до ЈПКД „Облешево" за работно ангажирање на сезонски работници за спроведување на Програмата Зелена Македонија**

Член 1

Се одобрува трансфер на средства од Буџетот на општина Чешиново-Облешево до ЈПКД „Облешево", за работно ангажирање на сезонски работници за спроведување на Програмата Зелена Македонија за општина Чешиново-Облешево за 2017 година и тоа:

1.Работно ангажирање на сезонски работници – општи работници, 15 извршители.

Месечниот надоместок за работниците од точка 1 на овој член ќе биде утврден во Договорот за нивно времено ангажирање кој истите ќе го склучат со ЈПКД „Облешево", а трансферот на средства од општината ќе биде по доставени месечни ситуации од страна на Јавното Претпријатие.

Месечниот надоместок за едно ангажирано лице ќе изнесува 7.500,00 денари нето приход, плус пресметан персонален данок и осигурување во случај на повреда при работа.

Член 2

Работното ангажирање на работниците од член 1 на оваа Одлука ќе трае во зависност од потребите за извршување на јавни работи, најмалку 1 (еден) месец но не повеќе од 6 (шест) месеци.

Член 3

Работата која ќе ја извршуваат работниците од член 1 на оваа Одлука ќе се одвива по претходно дефиниран неделен план за работа.

За извршените работи ќе бидат доставувани месечни информации за видот и обемот на извршените работи.

ЈПКД „Облешево" ќе склучи Договор за регулирање на меѓусебните права и обврски со ангажираните работници.

Член 4

Средствата се обезбедени во Буџетот на општина Чешиново-Облешево а ќе бидат исплаќани на сметка на Јавното Претпријатие по претходно доставени ситуации за извршени работи.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и

истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-196/1 Совет на
06.02.2017 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

Врз основа на член 50, став 1, точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за трансфер на средства до Здружението „Центар за едукација Чешиново-Облешево“**

1.Ја прогласувам Одлуката за трансфер на средства до Здружението „Центар за едукација Чешиново-Облешево“, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2017 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-222/1 Општина Чешиново-Облешево
06.02.2017 год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.01.2017 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За трансфер на средства до Здружението „Центар за едукација Чешиново-Облешево“**

Член 1

Врз основа на поднесено Барање бр.03-5/1 од 24.01.2017 година до Здружението „Центар за едукација Чешиново-Облешево“ се одобрува трансфер на 3.000,00 денари (три илјади денари) како помош за поднесување на Завршна сметка за Здружението за 2016 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-197/1 Совет на
06.02.2017 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

Врз основа на член 50, став 1, точка 4 од Законот з а локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот од извршениот попис на основните средства и ситен инвентар сопственост на општина Чешиново-Облешево за 2016 година**

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Извештајот од извршениот попис на основните средства и ситен инвентар сопственост на општина Чешиново-Облешево за 2016 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2017 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-200/1 Општина Чешиново-Облешево
06.02.2017 год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

---

Врз основа на член 36 став 1 и 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015), Советот на општина Чешиново-Облешево на ден 31.01.2017 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Извештајот од извршениот попис на основните средства и ситен инвентар сопственост на општина Чешиново-Облешево за 2016 година**

Член 1

Се усвојува Извештајот од извршениот годишен попис на основните средства и ситниот инвентар сопственост на општина Чешиново-Облешево со состојба на ден 31.12.2016 година.

Член 2

Поради нефункционалност и дотраеност да се отпише следниот инвентар:

- принтер во боја Hp
- телефон фиксен
- монитор
- стол дрвен
- уметничка слика
- телефон-централа
- монитор Hp L 710

Член 3

Нефункционалниот и дотраениот инвентар од член 2 на оваа Одлука да се однесе отпад а електонскиот инвентар да се однесе на отпад за електонски материјал.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-180/1 Совет на
03.02.2017 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

Врз основа на член 50, став 1, точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Програмата за работа на Комисијата за родова рамноправност за 2017 година**

1.Ја прогласувам Програмата за работа на Комисијата за родова рамноправност за 2017 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2017 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-201/1 Општина Чешиново-Облешево
06.02.2017 год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

Врз основа на член 21, став 1, точка 44 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.3/2005), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 18.01.2016 година донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за работа на Комисијата за родова рамноправност за 2017 година**

**Вовед**

Согласно чл.16 од Законот за еднакви можности на мажите и жените (Сл.весник на РМ бр.66/06), ЕЛС се должни да ги утврдуваат и унапредуваат еднаквите можности и да го почитуваат принципот на еднакви можности при усвојување на мерки и активности кои се потребни за воспоставување на еднакви можности меѓу половите.

**I.Мерки и Активности**

1.Комисијата за родова рамноправност-еднакви можности ќе соработува со здруженија на работодавачите, синдикати, невладини организации и здруженија на граѓани активни на полето на еднакви можности со цел да обезбедат предлози и мерки за постигнување на целта на Законот.

2.Насоките и мерките за постигнување на целите ќе бидат насочени во посебни области на општествениот живот пред се во областа на вработувањето, социјалната сигурност и здравствената заштита, образованието, семејните односи и застапеноста на жените и мажите во јавниот живот.

3.Комисијата со цел да ја зголеми родовата рамноправност ќе организира семинари, работилници,ќе промовира пропаганден материјал и информациски кампањи, во соработка со женските невладини организации на ОЖМ.

4.Комисијата ќе се заложи за отварање на канцеларија со одредување на админисатративно лице, техничка опрема на

канцелариите со отварање на СОС телефон.

5.Комисијата ќе ја промовира родовата рамноправност на локално ниво.

6.Охрабрување на жените за пријавување на семејното насилство, како и насилство за време на работа.

7.Подигнување на свеста на жените за остварување на своите права за грижа и зачувување на сопственото здравје

8.Подобрување на информираноста кај младите за заштита од несакана бременост и инфективни заболувања.

9.Подобра информираност на членовите на советот за Законот за еднакви можности и родова рамноправност.

10.Подобра информираност на жената за можностите и новините во земјоделието (жена фармер).

II. **Цели**

1.Комисијата веке цела година работи со организацијата на Македонско Женско Лоби од Скопје и влезе во менторската програма на организацијата, каде што имаше многу активности.За тоа имаме подготвено извештај и може да го погледне секој кој е заинтересиран.Исто така отворивме канцеларија за бесплатна правна помош на жртвите на семејно насилство,која ке им ја пружа правничката Љијанка Андонова.

2. Во текот на 2016 година КЕМ заедно со МЖЛ со подршка на Британска Амбасада работи на проектот „Зајакнување на жените и девојчињата за зачувување на мирот и градење доверба"и учествуваше на два семенара во Скопје за подготвување на настан во нашата општина за одржување на работилница во насока на промовирање на „Резолуцијата на Советот за безбедност на Обединетите нации 1325 за жени, мир и безбедност за единците на локалната самоуправа и комисиите за еднакви можности", Настанот се одржа како работилница на тема:„Жените,Мирот и Безбедноста" во Единиците на Локалната самоуправа на 15.12 2016 година во Облешево. На работилницата беше презентирана Резолуција 1325 и успешно спроведена, учествуваа 35 учесници, се делеа флаери за Резолуција 1325.Треба да се одржи уште една работилница за која се подготвува материјалот.Исто така КЕМ учествува и во проектот„Македонска Активна Платформа за Социјална Инклузија" со МЖЛ и Институтот за економски стратегии и меѓународни односи-Охрид.Реализацијата е во тек.

**III.Јавност**

Во врска со предложените мерки и активности на Комисијата за родова рамноправност, граѓаните на општина Чешиново-Облешево ќе бидат информирани преку средствата за јавно информирање.

Покрај тоа со менторската програма имаме изработено флаери за бесплатна правна помош и неколку видео клипови кои се ставени на Веб страната на општината и може секој да ги види.Анкетните листови што ги подготвивме исто така се пополнети од 105 анкетирани лица од различни структури на населението.

**IV.План за акција**

Комисијата ќе се состанува на секои три месеци со цел да се направи преглед на спроведените активности во периодот што изминал, и превземање на мерки за наредни активности.

Комисијата на крајот на годината ќе достави финален извештај за својата работа до Советот на општината.

**V.Буџет**

Работата на Комисијата ќе биде финансирана од Буџетот на општината и разни општи и тековни донации.Вкупно обезбедени финансиски средства од Буџетот на општината...... 15.000,00денари

-Одржување на трибини за потикнување свеста кај жените за заштита од семејно насилство како и едукација за навремено информирање до социјалните установи и МВР – 3000,00денари

-Трибина и едукација на ѓените од малигни заболувања како и рано откривање на рак на дојка и матка – 3000,00денари.

-Трибина за малолетна деликвенција(разни пороци кај младите, како алкохол,дрога идр,).- 2000,00денари.

-Работилници за зена фармер – 1000,00денари

-Учество во проекти за наведените случаи – 2000,00денари

-Печатење на флаери и др.потребни материјали за трибини и работилници. – 1000,00денари.

-Други тековни трошкови – 3000.00денари.

**VI. Завршни Одредби**

Програмата влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а истата ке се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-181/1 Совет на
03.02.2017 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

---

Врз основа на од 50, став 1, точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за постапување по Известување бр.02-206/1 од 20.01.2017 година од Агенција за храна и ветеринарство**

1.Ја прогласувам Одлуката за постапување по Известување бр.02-206/1 од 20.01.2017 година од Агенција за храна и ветеринарство, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2017 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-199/1 Општина Чешиново-Облешево
06.02.2017 год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.01.2017 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За постапување по Известување бр.02-206/1 од 20.01.2017 година од Агенција за храна и ветеринарство**

Член 1

Се задолжува Јавното Претпријатие за Комунални Дејности „Облешево" во соработка со Комуналниот инспектор во општината да одреди локација за нештетно отстранување (горење или закопување) на угинатата живина и да обезбедат соодветна механизација со цел закопување на убиената живина согласно процедурите на Агенцијата за храна и ветеринарство во случај на појава на болеста Авијарна инфлуенца на територија на општина Чешиново-Облешево.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-179/1 Совет на
03.02.2017 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

---

Врз основа на од 50, став 1, точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за давање на Согласност на Годишниот План за вработување на ЈПКД „Облешево"**

1.Ја прогласувам Одлуката за давање на Согласност на Годишниот План за вработување на ЈПКД „Облешево", што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2017 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-198/1 Општина Чешиново-Облешево
06.02.2017 год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

---

Врз основа на член член 20-б точка 1 алинеа 3 од Законот за вработени во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-

Облешево бр.6/2015), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.01.2017 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За давање на Согласност на Годишниот План за вработување на ЈПКД „Облешево“**

Член 1

Се дава Согласност на Годишниот План за вработување на ЈПКД „Облешево“ бр.01-686/1 од 26.12.2016 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-178/1 Совет на
03.02.2017 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за одржување на јавното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за месец Декември 2016 година**

1.Го прогласувам Заклучокот за усвојување на Информацијата за одржување на јавното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за месец Декември 2016 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево го донесе на седницата одржана на ден 31.01.2017 година.

2.Заклучокот да се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-209/1 Општина Чешиново-Облешево
06.02.2017 год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.01.2017 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Информацијата за извршени работи за одржување на јавното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за месец Декември 2016 година**

I

Се усвојува писмената Информација за одржување на јавното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за месец Декември 2016 година, изготвена од страна на ЈПКД „Облешево“.

II

Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-189/1 Совет на
03.02.2017 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

СОДРЖИНА Стр.

1.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Василка Заова од с.Чифлик.............1

2.ОДЛУКА за еднократна финансиска помош на Василка Заова од с.Чифлик.................................1

3.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Тони Ваневски од с.Облешево.........2

4.ОДЛУКА за еднократна финансиска помош на Тони Ваневски од с.Облешево..............................2

5.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Сузана Митевска од с.Облешево.......3

6.ОДЛУКА за еднократна финансиска помош на Сузана Митевска од с.Облешево.................3

7.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Блашка Арсова од с.Облешево.........3

8.ОДЛУКА за еднократна финансиска помош на Блашка Арсова од с.Облешево....................4

9.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Зоки Арсов од с.Спанчево...............4

10.ОДЛУКА за еднократна финансиска помош на Зоки Арсов од с.Спанчево..................................5

11.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за надомест на патни трошоци за превоз на Милена Нисова од с.Чифлик до и од Дневниот центар за лица со ментална и телесна попреченост во Виница...................5

12.ОДЛУКА за одобрување на финансиски средства за надомест на патни трошоци за превоз на Милена Нисова од с.Чифлик до и од Дневниот центар за лица со ментална и телесна попреченост во Виница...................6

13.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за остварените бруто приходи од работата на пазарот во Облешево за месец Декември 2016 година..........6

14.ЗАКЛУЧОК за усвојување на Информацијата за остварените бруто приходи од работата на пазарот во Облешево за месец Декември 2016 година.........................................7

15.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2017 година..................7

16.ОДЛУКА за усвојување на Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2017 година..................................8

17.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Програмата за работа на ЈПКД „Облешево" за 2017 година......................................... 8

ИЗДАВА:ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

18.ОДЛУКА за усвојување на Програмата за работа на ЈПКД „Облешево" за 2017 година.............8

19.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна материјална помош за организација на прославата за празникот св.Трифун во с.Кучичино и организација на прославата Стара Нова Година во с.Теранци...............9

20.ОДЛУКА за еднократна материјална помош за организација на прославата за празникот св.Трифун во с.Кучичино и организација на прославата Стара Нова Година во с.Теранци...............9

21.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за периодот 01.01-31.12.2016 година...............10

22.ОДЛУКА за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за периодот 01.01-31.12.2016 година.......................10

23.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за извршување на Одлуките донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.10-31.12.2016 година.......................10

24.ОДЛУКА за усвојување на Извештајот за извршување на Одлуките донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.10-31.12.2016 година.......................................11

25.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Програмата Зелена Македонија за општина Чешиново-Облешево за 2017 година.............11

26.ПРОГРАМА ЗЕЛЕНА МАКЕДОНИЈА ЗА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО ЗА 2017 ГОДИНА......................................12

27.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за трансфер на средства до ЈПКД „Облешево" за работно ангажирање на сезонски работници за спроведување на Програмата Зелена Македонија......16

28.ОДЛУКА за трансфер на средства до ЈПКД „Облешево" за работно ангажирање на сезонски работници за спроведување на Програмата Зелена Македонија......17

29.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за трансфер на средства до Здружението „Центар за едукација Чешиново-Облешево"..................................18

30.ОДЛУКА за трансфер на средства до Здружението „Центар за едукација Чешиново-Облешево"..................................18

31.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот од извршениот попис на основните средства и ситен инвентар сопственост на општина Чешиново-Облешево за 2016 година.............19

32.ОДЛУКА за усвојување на Извештајот од извршениот попис на основните средства и ситен инвентар сопственост на општина Чешиново-Облешево за 2016 година.............19

33.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Програмата за работа на Комисијата за родова рамноправност за 2017 година.......20

34.ПРОГРАМА за работа на Комисијата за родова рамноправност за 2017 година............................20

ИЗДАВА:ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

35.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за постапување по Известување бр.02-206/1 од 20.01.2017 година од Агенција за храна и ветеринарство.............................22

36.ОДЛУКА за постапување по Известување бр.02-206/1 од 20.01.2017 година од Агенција за храна и ветеринарство .................23

37.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за давање на Согласност на Годишниот План за вработување на ЈПКД „Облешево"................................23

38.ОДЛУКА за давање на Согласност на Годишниот План за вработување на ЈПКД „Облешево" ..................................................24

39.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за одржување на јавното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за месец Декември 2016 година........................................24

40.ЗАКЛУЧОК за усвојување на Информацијата за извршени работи за одржување на јавното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за месец Декември 2016 година.........24

ИЗДАВА:ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО